ССНМ Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници

# *Билтен*

Август 2017

## Платата во медиумите заглавена под просекот

Речиси 45 проценти од македонските новинари примаат плата пониска од државниот просек, кој изнесува 22.808 денари, а 85 проценти имаат плата помала од вредноста на потрошувачката кошница. Ова го покажа новата анкета на Самостојниот синдикат на новинарите и на медиумските работници (ССНМ), спроведена во јули и во август годинава.

Повеќе



Дебата за платите во медиумите во СЦ Дуња на која учествуваше и министерката за труд Мила Царовска

## Подготвени измените на клучниот медиумски закон

Клучните промени се кај Агенцијата за медиуми и кај МРТВ. Се менуваат начините и условите за избор на членови на Советот на Агенцијата, на Програмскиот совет на МРТВ, како и условите за кандидатите за директори. Се укинува и радиодифузната такса – ќе биде заменета со решение 0.7 отсто од Буџетот на РМ. Се намалува процентот на обврската за емитување на музичка филмска и документарна програма од страна на радиодифузерите со што се намалуваат и нивните трошоци во работењето.Воедно, укинати се членовите кои предвидуваа надомест на радио-дифузните друштва за содавањето ваква програма од страна на Буџетот

Повеќе

**ВАЖНО**

**Адресата на ССНМ е улица Рајко Жинзифов бр.22 Скопје. Канцеларијата е дел од Социјалниот центар „Дуња“ Телефонот е (2) 2671201. Мобилен 075 353 353 . Работно време на канцеларијата на ССНМ е од 10 до 16 часот.**

## Вработените во ТВ НОВА се жалат на доцнење на платите




Вработените во ТВ НОВА ги претставува паралелниот „Независен синдикат на македонските новинари“ што го раководи Градимир Јовановиќ

Повеќе колеги новинари кои сакаат да останат анонимни велат дека состојбата во телевизија Нова во сопственост на бизнисменот Кочан е драстично влошена и нема средства и за вршење на секојдневните работни задачи.Доколку нешто не се промени во наредниот период новинарите и медиумскиот персонал стравува дека ќе може да останат без работа, додека пак на ТВ Нова и се закануваи затворање. Оставка од позицијата уредник даде Гоце Михајловски кој на својот фејсбук профил напиша :„ТВ Нова функционираше нормално до почетокот на пролетта. Проблемите почнаа откако беше објавен случајот Труст на СЈО во кој меѓу осомничените е и Сеад Кочан. И покрај уверувањата дека тоа нема да се одрази на функционирањето, реалноста се покажа сосема спротивна. Доцнењето на платите веќе стана хроничен проблем, кој, како што читате, деновиве ескалира“...Вработените во ТВ НОВА ги претставува Независниот синдикат на македонските новинари чиј што претседател е Градимир Марковиќ, уредник во таа телевизија.

Повеќе

# Билтен

Август 2017

## Средба во МТСП за стечајците од локалните радија

Претставници на Здружението на новинарите на Македонија и на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници денеска имаа работна средба со министерката за Труд и социјална политика, Мила Царовска, на која се разговараше за можноста новинарите стечајци од затворените локални радија да бидат опфатени со измените и дополнувањата на Законот за материјално обезбедување на стечајците.



*Побравме стечајците од локалните радија да влезат во новиот Закон*

Повеќе

## Понуда за колективно осигурување

Многумина покриваат протести како независни новинари без каква било институционална врска со медиумска организација која би можела да ги поддржи. Во најголем број случаи дури и фриленсерите немаат здравствено осигурување.ССНМ обезбеди понуда за колективно осигурување.

Бидејќи станува збор за колективно осигурување ССНМ мора да обезбеди одреден број членови. Доколку сте заинтересирани се што треба да направите е да бидете член на ССНМ, да ни испратите мејл со матичен број и телефон за контакт на следнава адреса ssnm.info@gmail.com

Повеќе

Safejournalists.net:

**Статистика за нападите врз новинари од регионот на едно место**

## Подобри услови за истражувачките новинари



Јакнење на истражувачкото новинарство е суштински столб на демократизацијата на општеството.

ССНМ бара од Владата да овозможи бесплатен пристап за истражувачките новинари до јавните документи на Централен Регистар и Катастар на Република Македонија.

Пристапот да се овозможи на секој новинар кој ќе достави писмено барање заверено со печат и потпис од главниот уредник на медиумот во кој е вработен новинарот и за чии истражувачки цели се прибавува јавната исправа.

ССНМ е цврстои уверен дека барањето за бесплатен пристап до јавните документи во Централен регистер и Катастар е од јавен интерес во функција на зголемена транспарентност и отчетност на носителите на јавните функции и работата на институциите и правните субјекти во државата

Повеќе

# Билтен

## Тест прашања за воведот на вашите стории

Првите зборови на секоја сторија се најважни. Со добар вовед, на публиката ѝ давате верување дека ќе вреди да ѝ посветат време на вашата сторија. Тоа е тешката задача на воведот. Понекогаш воведот со магична леснотија ќе се испише на екранот. Но, најчесто, тој е производ на напорна работа на пишување и ревидирање.Направете го тестот за да утврдите дали вашите напори ќе вродат со јасен и интересен резултат

Повеќе

## Совети за проверка на факти за уредници

Не претпоставувајте. Не претпоставувајте дека она што е напишано е точно. Не претпоставувајте дека нешто што мислите дека го знаете е точно. Не претпоставувајте дека авторите и репортерите направиле точна математика (проверете ги бројките и одново пресметајте). Не претпоставувајте дека „фактите“ преземени од други медиуми се точни.

Ова е само еден од неколкуте совети за уредници за проверка на факти. Затоа што тие се важни за секој вид пишување, особено во вестите и информативните текстови.

Повеќе

**Август 2017**



Нема ништо срамно во тоа да преговарата за вашиот хонорар и условите на договорот

## ВАЖНО!

**Ги потсетуваме членовите кои плаќаат членарина на годишно ниво е потребно да уплатат за членство во 2017. Уплатата се врши преку банка или директно во ССНМ. Потсетуваме дека со неплаќање на членарината подолго од 3 месеци членството во ССНМ автоматски престанува. Согласно Законот за работни односи за член на синдикат се смета само оној кој плаќа членарина.**

## Ви го претставуваме Adobe Premiere Clip: Видео уредувач за мобилни уреди



Бесплатна апликација за уредување видеа може да биде корисна алатка за новинари

Уредувањето на видео клипови на телефонските екрани е возможно со Adobe Premiere Clip – бесплатна апликација која овозможува едноставна монтажа на видеа со музика и визуелни филтри, како и споделување на социјалните мрежи и други апликации

Adobe Premiere Clip се користи така што се вчитува постоечка видео снимка или се прави нова со користење на апликацијата. Апликацијата нуди автоматско монтирање на снимката или самостојно уредување. На видеото можете да му додадете и звучен запис како музика која веќе ја имате во меморијата на вашиот телефон.

Апликацијата нуди и можност за додавање наслови, slow-motion ефект и подесување на светлината на видеото.

Повеќе

# Билтен

## Русија: Невин новинар осуден под обвинение за екстремизам

Август 2017

Истражувачкиот новинар Александер Соколов е осуден на три и пол години затворска казна под обвинение за вклученост во забранета терористичка група. ИФЈ/ЕФЈ се приклучуваат кон својата членка – Рускиот синдикат на новинари во осудата на таквата пресуда која се користи за да замолчи и заплаши Соколов и другите руски новинари




*Пресудата на Соколов е очигледен напад од страна на властите врз транспарентноста и вистината во Русија*“ рекоа ИФЈ/ЕФЈ

Повеќе

## Згасна Newsweek Serbia

Newsweek е популарно американско списание со 12 изданија на глобални јазици и 4 англиски изданија во светот. Newsweek Serbia започна како неделно списание во јануари 2015 година откако AMG ги откупи издавачкитеп права кон крајот на 2014 година. Во јуни 2016 година, AMG го намали тиражот и почна да се издава еднаш месечноЧленката на ИФЈ/ЕФЈ, Независното новинарско здружение на Србија (НУНС, истакна дека „жали и изразува загриженост за затворањето на списанието Newsweek Serbia. Newsweek, кој има професионална уредувачка политика и разновидна содржина

Повеќе

## Зашто да се биде член

Секој синдикален член ужива вистинска, а не само формална заштита. Единствено синдикатот е законски овластен да преговара со

## Како да се избегне омраза кога се зборува за “муслимански проблем“



Колумна во британскиот весник “The Sun” во која се употребува фразата „муслимански проблем“ предизвика жестоки дебати во Британија

Не е доволно новинарите да признаат дека можеби навредиле некого. Тука проблемот не е навредата или повредувањето на нечии чувства. Она што е важно е дали овие зборови имаат потенцијал да нанесат реална штета. Порастот на инцидентите на расизам, говор на омраза и насилство насочени кон членовите на британската муслиманска заедница во последните години по терористичките напади на исламските екстремисти покажува дека исламофобијата не е теоретска или замислена состојба, туку ризична струја на јавно мислење водена од незнаење, дезинформации и предрасуди. Непромисленото ехо на Каванју на историските нацистички изрази за Евреите само ја влошува климата на страв и не дава контекст ниту новинарска јасност

Повеќе

# Билтен

## Помош во дилемата околу експлицитни фотографии и видеа

Август 2017

Сликите и видеата можат да бидат моќни алатки за опис на екстремно тешки теми. И дигиталните камери, паметните телефони и новите алатки за раскажување приказни го прават споделувањето на слики многу лесно. Сепак, многу од тие слики може да бидат експлицитни или грозни.

Ви пренесуваме неколку прашања кои ќе ви помогнат да одлучите што, каде и дали да објавите или споделите експлицитни фотографии и видеа

Повеќе



Кога е сторијата доволно важна за да се оправда користењето на експлицитен материјал?

## Разликата меѓу вистинското и лажно новинарство

Коментар на Џон Дијаз за прашањата што го дефинира„вистинското новинарство“ и го разликува од „лажните вести“? Кои се стандардите на автентичното новинарство? Веројатно најочигледната разлика помеѓу вистински и лажни вести е подготвеноста на организацијата да ги признае и поправи своите грешки – и да ги подигне стандардите за да спречи тоа повторно да се случи, вели тој во коментарот што е апликативен за новинарите и медиумите секаде во светот.

Повеќе

**ВАЖНО**

**Доколку сте смениле работно место, број на телефон или маил адреса ве молиме да не информирате за вашите податоци да бидат ажурирани. Пишете кратка порака на ssnm.info@gmail.com**

## Правилник за правна помош

Правилникот за правна помош е усвоен во 2011 година

Право на правна помош им припаѓа на сите членови на ССНМ кај кои повредата на правата од работен однос се случила за време додека се членови најмалку 3 месеци и кои уредно ја подмируваат својата статутарна обврска за плаќање членарина. Правната заштита и помош на товар на ССНМ ја пружа адвокат ангажиран од страна на Синдикатот.ССНМ обезбедува бесплатна правна помош на начин што ангажира адвокат, кој на сметка на Синдикатот врши бесплатно советување, составување писмена и застапување на членовите на ССНМ пред суд или управни органи, додека пак од друга страна членовите се должни сами да ги подмируваат судските такси за тужба и одлука и евентуално таксите за редовни и вонредни правни лекови и изведување на докази (вештачење, увид и слично).

Повеќе

Оваа публикација се продуцира со помош на грант доделен преку проектот „РеФорМедиа – Унапредување на соработката меѓу граѓанското општество, институциите и граѓаните за спроведување реформи во медиумската сфера“, што го спроведуваат Македонскиот институт за медиуми и Мировниот институт од Љубљана со финансиска поддршка од Европската Унија.Содржините во оваа рубрика се одговорност единствено на Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници, и во никој случај не може да се смета дека ги одразуваат ставовите на Европската Унија.

ЕУ за ТЕБЕ!